# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 19 Март 2025 година<br>Скопје<br>Бр.4 Год. XX |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.22
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за доделување на финансиски средства за помош и поддршка на семејствата на настраданите во пожарот во Кочани, Република С.Македонија ...............стр.2


Март 2025 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за доделување на финансиски средства за помош и поддршка на семејствата на настраданите во пожарот во Кочани - Република С.Македонија**

Се објавува одлуката за доделување на финансиски средства за помош и поддршка на семејствата на настраданите во пожарот во Кочани - Република С.Македонија, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата вонредна седница на советот, одржана на ден 19.03.2025 година.

**Број 02-587/1**
**од 19.03.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 10 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02 и Службен весник на Р.С.М. бр 202/24), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/2023) и Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2025 година број 02-2018/26 од 27.12.2024 година (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.14/2024), советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата вонредна седница одржана на ден 19.03.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување на финансиски средства за помош и поддршка на семејствата на настраданите во пожарот во Кочани Република С.Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделуваат финансиски средства за помош и поддршка на семејствата на настраданите во пожарот во Кочани, Република С.Македонија, во износ од 1.000.000,00 денари, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на РСМ.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 ќе се издвојат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година, потпрограма АО, потставка 412110 – постојана резерва, а ќе се уплатат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на РСМ – Фонд за солидарност, на сметка број 300000001327966, ДБ 4030984271620 - АД Комерцијална банка-Скопје.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања на Општина Ѓорче Петров да ја изврши одлуката.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-583/2**
**од 19.03.2025 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**